РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 09 - 1244/2
23.07.2018 год.
РАДОВИШ

Согласно член 20-г и 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 27/14..35/18) и член 25 од Законот за работните односи (Сл.весник на РМ бр.62/2005...120/18) ,Градоначалникот на општина Радовиш,донесува:

**П Р А В И Л Н И К**

**за селекција на кандидати за вработување на помошно-технички лица во Општина Радовиш**

**член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на селекција на кандидатите за вработување на помошно-технички лица во Општина Радовиш и бодувањето на различните фази на селекцијата.

**член 2**

Постапката за селекција се спроведува во две фази и тоа проверка на пријавата и доказите (прва фаза)и интервју(втора фаза).

**член 3**

-Во првата фаза , Комисијата за селекција формирана со посебно решение од страна на Градоначалникот во рок од 3 (три) дена од истекот на рокот за пријавување на јавниот оглас врши проверка дали кандидатите ги доставиле задолжителните докази за исполнување на условите од огласот и составува записник во кој се констатира кои кандидати ги доставиле а кои кандидати не ги доставиле задолжителните докази при што Комисијата постапува согласно Законот за вработените во јавниот сектор .

-Во првата фаза од селекцијата на кандидатите се врши евалуација /вреднување на формалното образование,неформалното образование и работното искуство на следниот начин:

-за средно образование се доделуваат 2 бода;

-за неформално (вишо образование) се доделуваат 2,5 бода;

-за неформално (високо образование) се доделуваат 3 бода;

-за работно искуство за исполнување на пропишаниот минимум се доделуваат 2 бода;

-за работно искуство над пропишаниот минимум по 0,25 бода за секои 5 години за најмногу дополнителни 1,25 бода.

-Сите кандидати кои ги доставиле задолжителните докази се квалификуваат во втората фаза на селекцијата а оние кандидати кои не ги доставиле задолжителните докази се дисквалификуваат од понатамошна селекција.

-Доколку Комисијата за селекција се посомнева во веродостојноста на некој доказ истата доставува барање до соодветниот орган односно институција за дополнителна проверка на доказите.

**член 4**

По извршената проверка на задолжителните докази за исполнување на условите и евалуација/вреднување на образованието и работното искуство,во втората фаза на селекцијата се врши интервју од страна на Комисијата за селекција со сите кандидати кои се квалификувале во втората фаза , во рок од 10 (десет) дена по спроведената прва фаза од селекцијата.

**член 5**

Од страна на Комисијата се одржува подготвителен состанок најдоцна 30 минути пред почетокот на интервјуто на кој се определува формата на интервјуто(усно или комбинирано усно и писмено) и темите кои ќе се опфатат во текот на интервјуто.

**член 6**

Интервјуто се состои од следните елементи:

-општи прашања,преку кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работното место,прашања во врска со претходното работно искуство (ако имал), очекувањата на кандидатот од вработувањето и сл;

-стручни прашања или практични задачи ,преку кои се проверуваат посебните работни компетенции од делокругот на работното место; и

- оценка на способноста на кандидатот за изразување/пишување на македонски литературен јазик.

**член 7**

На интервјуто кандидатот може да освои најмногу 14 бодови односно најмногу 6 бода од општите прашања,најмногу 6 бода од стручните прашања и најмногу 2 бода од оценката на способноста на кандидатот за изразување/пишување на македонски литературен јазик.

**член 8**

-Текот на интервјуто се координира од страна на претседателот на Комисијата за селекција кој треба да обезбеди еднаков и фер однос кон сите кандидати.

-Секој член на Комисијата за селекција поединечно за секој кандидат пополнува формулар во кој ги внесува бодовите ,одделно за сите елементи на интервјуто и го потпишува.

-Бројот на добиени бодови за секој кандидат поединечно се добива од просекот на доделени бодови од сите членови на Комисијата.

**член 9**

-За спроведеното интервју се составува записник кој содржи податоци за кандидатите со кои е спроведено интервјуто и податоци за кандидатите кои не се појавиле на интервјуто со прилог потпишани формулари од сите членови на Комисијата за бодувањето на интервјуто.

**член 10**

По завршувањето на втората фаза од селекцијата од страна на Комисијата се изготвува ранг-листа на кадидатите и истата се доставува до Градоначалникот за вршење на избор.

-При составувањето на ранг-листата , доколку има двајца или повеќе најуспешни кандидати со ист број на бодови предност во рангирањето има оној кандидат што има повисоко образование а доколку и давајцата или повеќе најуспешни кандидати имаат исто образование предност во рангирањето има оној кандидат со поголемо работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на РМ како работен стаж.

составил/
контролирал/Петар Поп-Лазаров

**Градоначалник,**
**Герасим Конзулов**